АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76 став 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 28.11.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6026/3 | 1 | |

**КОРЕГИРАН ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 23 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 28 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик** („За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за политичките партии на власт можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во опозиција можат да одвојат најмногу осум минути, за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група можат да одвојат една минута, а за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија можат да одвојат една минута“)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 21, 22 и 23 ноември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, во еден реален час емитувана програма, емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на Република Македонија, а во три реални часа емитувана програма, емитуваше повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија.

Имено, во реалниот час од 18:00 до 19:00, на 23 ноември 2016 година, за учесник во изборната кампања од политичките партии во опозиција, наместо најмногу 8 минути, емитуваше 8 минути и 59 секунди.

**23.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:45:39 – 18:47:37 | 00:01:58 | Коалиција СДСМ и др. |
| 18:47:39 – 18:48:35 | 00:00:56 | |
| 18:48:37 – 18:52:16 | 00:03:39 | |
| 18:52:32 – 18:52:47 | 00:00:15 | |
| 18:53:10 – 18:53:28 | 00:00:18 | |
| 18:53:48 – 18:54:02 | 00:00:14 | |
| 18:54:04 – 18:55:23 | 00:01:19 | |
| 18:55:49 – 18:56:09 | 00:00:20 | |
| **Вкупно:** | **00:08:59** | |

На 21 ноември 2016 година, во реалниот час од 16:00 до 17:00, за учесник во изборната кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 35 секунди. На 22 ноември 2016 година, во реалниот час од 15:00 до 16:00, за истиот учесник во изборна кампања, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 17 секунди.

На 23 ноември 2016 година, во реалниот час од 19:00 до 20:00, за два учесника во изборната кампања од политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија, наместо најмногу 1 минута, емитуваше 1 минута и 22 секунди.

**21.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 16:00:10 – 16:00:26 | 00:00:16 | Движење БЕСА |
| 16:00:28 - 16:00:47 | 00:00:19 | |
| 16:37:00 - 16:38:00 | 00:01:00 | |
| **Вкупно:** | **00:01:35** | |

**22.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 15:56:16 - 15:56:37 | 00:00:21 | Движење БЕСА |
| 15:56:39 - 15:57:17 | 00:00:38 | |
| 15:57:20 - 15:57:38 | 00:00:18 | |
| **Вкупно:** | **00:01:17** | |

**23.11.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 19:43:24 – 19:43:35<br>19:57:37 – 19:57:48 | 00:00:11<br>00:00:11 | Коалиција „Алијанса за Албанците“ |
| 19:57:50 – 19:58:50 | 00:01:00 | Движење БЕСА |
| **Вкупно:** | **00:01:22** | |

***Сектор за програмски работи***